# ЗАКОН ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

**Пречистен текст – Неофицијална верзија**[1]

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се основа и се уредува работењето и организацијата на Фондот за осигурување на депозити.

### Член 2

Фондот за осигурување на депозити (во натамошниот текст: Фонд) го основа и е во сопственост на Република Македонија.

Фондот е правен следбеник на Фондот за осигурување на штедни влогови.

### Член 3

Фондот има својство на правно лице.

Седиштето на Фондот е во Скопје.

### Член 3-а

Фондот е специјализирана финансиска институција која ги обесштетува осигурените депозити во банките и штедилниците, во кои настанал ризичен настан, согласно член 9 став 1 од овој закон.

## II. ДЕПОЗИТИ ШТО СЕ ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 4

Банките и штедилниците во Република Македонија се должни во Фондот да ги осигураат денарските и девизните депозити и тековните сметки на физички лица, депозитите врзани за паричните картички издадени од банки основани во Република Македонија и девизните приливи на физички лица (во натамошниот текст: депозити на физички лица).

Гувернерот на Народната банка на Република Македонија ќе го укине делот од дозволата за основање и работење на банка или штедилница што се однесува на правото за прибирање на депозити на физички лица на банка или штедилница што ќе биде исклучена од членство во Фондот поради неплаќање на премија.

Членството во Фондот престанува и во случај кога гувернерот на Народната банка на Република Македонија ќе ја укине дозволата за основање и работење на банка или штедилница.

Фондот ги осигурува депозитите на физичките лица, депонирани до денот на укинувањето на дозволата согласно со ставовите 2 и 3 на овој член.

---

[1] Пречистениот текст на Законот за Фондот за осигурување на депозити го опфаќа Законот за фондот за осигурување на депозити и измените и дополнувањата на Законот ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/00, 29/02, 43/02, 49/03 и 81/08)

## III. СРЕДСТВА

### Член 5

Вкупните средства на Фондот изнесуваат најмалку 4% од вкупните депозити на физичките лица во банките и штедилниците во Република Македонија.
Фондот е должен да го одржува нивото на средствата од ставот 1 на овој член.
Кога средствата на Фондот ќе го надминат нивото од ставот 1 на овој член, Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за престанок на обврската за плаќање на премија во Фондот од страна на банките и штедилниците.
По исклучок од одлуката од ставот 3 на овој член, банките и штедилниците плаќаат премија во периодот кога се под мерки за подобрување на состојбата во банката, од членот 85 став 1 точки: 5, 6, 7, 8, 9, 10, 15, 18 и 19 од Законот за банките, и тоа по стапка на премија еднаква за сите, утврдена од страна на Управниот одбор на Фондот.

### Член 6

Средствата на Фондот се формираат од основачкиот влог, наплата на премии за осигурување на депозитите на физички лица и приходи од пласмани.
Средствата со кои располага Фондот може да ги пласира во:
1) хартии од вредност издадени од страна на Република Македонија и од Народната банка на Република Македонија со рок на пристигнување до шест месеци од нивното стекнување од страна на Фондот;
2) должнички хартии од вредност издадени од странски држави, централни банки или јавни меѓународни финансиски институции, рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оценка на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина на осигурените депозити што гласат на странска валута;
3) фјучерси, опции и термински договори кај депозитни институции рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оцена на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина до 2% од средствата на Фондот.
Средствата на Фондот можат да се користат само за обештетување на осигурените депозити на физичките лица и за покривање на трошоци на работење на Фондот.

### Член 7

За осигурување на депозитите на физичките лица Фондот наплатува премија од членките на Фондот по стапка најмногу до 0,7% годишно од вкупните депозити на физичките лица во секоја банка и штедилница.
Начинот, рокот на плаќање и висината на премијата од ставот 1 на овој член ја утврдува управниот одбор на Фондот.
Во случај на доцнење со уплатата на премиите од ставот 1 на овој член, Фондот пресметува и наплатува законска затезна камата.
Средствата уплатени во Фондот од страна на банките и штедилниците по основ

на премии се неповратни.
Новооснованите банки и штедилници се должни при зачленувањето во Фондот да уплатат влезна премија во висина од 1 % од основачкиот капитал.

### Член 8

Доколку на Фондот му недостасуваат средства за исплата на осигурените депозити на физичките лица, Фондот обезбедува дополнителни средства преку:
1) дополнителни уплати од банките и штедилниците, но не повеќе од три месечни премии уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој гувернерот на Народна банка на Република Македонија ја донел конечната одлука согласно со членот 9 став 1 од овој закон;
2) задолжување во земјата и странство;
3) позајмици од Буџетот на Република Македонија.
Дополнителните уплати од ставот 1 точка 1 на овој член банките и штедилниците се должни да ги уплатат на сметката на Фондот најдоцна во рок од осум дена од денот на доставувањето на пресметката до банките и штедилниците од страна на Фондот.

## IV. ИСПЛАТА НА ДЕПОЗИТИТЕ

### Член 9

Фондот започнува со обесштетувањето на осигурените депозити на физичките лица во рок од три месеци од денот на конечноста на одлуката на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за укинување на дозволата за основање и работење на банка или штедилница.
Фондот ги обесштетува физичките лица во висина на:
1) 100% од вкупниот депозит на секое физичко лице во една банка или штедилница до износот од денарска противвредност на 10.000 ЕВРА и
2) 90% од вкупниот депозит на секое физичко лице во една банка или штедилница до износот од денарска противвредност меѓу 10.000 ЕВРА и 20.000 ЕВРА, но не повеќе од денарска противвредност на 20.000 ЕВРА.
Под депозит на едно физичко лице се подразбираат вкупните депозити од членот 4 став 1 на овој закон што физичкото лице ги има во една банка или штедилница.
Во износот од ставот 2 на овој член се пресметува главнината на депозитот зголемена за пресметаната, а непристигната камата и тоа:
1) за денарските депозити во висина најмногу до есконтната стапка на Народната банка на Република Македонија важечка во соодветниот период, доколку во тој период важечката каматна стапка за соодветните депозити утврдена од страна на банката била над есконтната стапка и
2) за девизните депозити во висина најмногу до тримесечен ЕУРИБОР за соодветниот период, доколку во тој период важечката каматна стапка за соодветните депозити утврдена од страна на банката била над тримесечниот ЕУРИБОР.

На денот на конечноста на одлуката од ставот 1 на овој член депозитите вложени во девизи се конвертираат во денари по среден курс на Народната банка на Република Македонија.
Обесштетувањето на денарските и девизните депозити се исплатува во денари.

## V. ДЕПОЗИТИ ШТО НЕ СЕ ОБЕСШТЕТУВААТ

### Член 10

Фондот не ги осигурува и не ги обесштетува следните депозити на физичките лица:

1. Депозити на физички лица на кои им биле дадени привилегирани каматни услови, различни од оние објавени во банката или штедилницата;
2. Депозити на физички лица сопственици на над 5% од акциите со право на управување со банката или штедилницата;
3. Депозити на членови на органите на управување на банката или штедилницата;
4. Депозити на роднини од прв степен на лицата од точките 2, 3 и 4 на овој член.
5. Депозити кои се поврзани со трансакции со кои се вршело перење пари доколку прекршителот е осуден и казната е во сила.

Во случај кога физичкото лице има обврски кон банката, вкупниот износ на депозити на лицето се намалува за износот на обврските на лицето кон банката или штедилницата.
Во случај на заеднички депозит се смета дека деловите на вложувачите се еднакви ако во договорот поинаку не е определено.

## VI. ОРГАНИ НА ФОНДОТ

### Член 11

Органи на Фондот се: Управен одбор и директор.

### Член 12

Управниот одбор е составен од пет члена именувани од Владата на Република Македонија и тоа три на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на гувернерот на Народната банка на Република Македонија и еден на предлог на Здружението за банкарство и осигурување кој треба да е од редот на стручни лица од областа на банкарството и финансиите и кој не смее да е член на орган на управување или вработен во банка или штедилница.
Управниот одбор донесува подзаконски акти со кои се уредува работењето на Фондот.
Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.
За своето работење Управниот одбор е одговорен пред Владата на Република Македонија.

**Член 13**

Директорот на Фондот го именува Владата на Република Македонија за период од четири години.

**Член 14**

Членовите на Управниот одбор и директорот на Фондот се разрешуваат пред истекот на мандатот за кој се именувани, ако се осудени за кривично дело против имотот или за прекршок од областа на финансиското работење, на начин и на постапка како и за нивното именување.

**Член 15**

Работењето и организацијата на Фондот се уредуваат со статут на Фондот. Статутот го донесува Управниот одбор.

Владата на Република Македонија дава согласност на статутот на Фондот.

Владата на Република Македонија ги потврдува финансискиот план и годишната сметка на Фондот.

## VII. ИЗВЕШТАИ

**Член 16**

Фондот изготвува полугодишни и годишни извештаи за работењето.

Фондот е должен да го објави годишниот извештај за работењето во најмалку едно од средствата за јавно информирање.

Овластен ревизор врши ревизија на работењето на Фондот.

Извештајот од извршената ревизија задолжително се објавува во најмалку едно од средствата за јавно информирање.

Фондот е должен до Владата на Република Македонија да го достави годишниот извештај за работењето, заедно со извештајот од извршената ревизија.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 17**

Народната банка на Република Македонија е должна, по барање на Фондот да му доставува периодични финансиски извештаи во врска со сите релевантни информации за состојбата на членките на Фондот.

Извештаите од ставот 1 на овој член се базираат на супервизорските извештаи на Народната банка на Република Македонија.

Народната банка на Република Македонија е должна да доставува до Фондот месечни извештаи за вкупните депозити по банки и штедилници, кои содржат податоци за главнината и за каматите на депозитите од членот 4 став 1 на овој закон. Месечните извештаи се доставуваат до Фондот најдоцна до 25-от ден во тековниот месец, за претходниот месец.

На барање на Фондот, Народната банка на Република Македонија е должна да му доставува извештај за банките и штедилниците членки на Фондот врз кои се преземени мерки за подобрување на состојбата на банката од член 85 став 1

точки: 5,6,7,8,9,10,15,18 и 19 од Законот за банките. Извештајот се доставува најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето доставено од страна на Фондот.

На барање на Фондот, повереникот или привремениот управник именуван од страна на гувернерот на Народната банка на Република Македонија односно од Советот на Народната банка е должен да му доставува на Фондот извештај за финансиската состојба и перспективите на банката и штедилницата. Извештајот се доставува најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето доставено од страна на Фондот.

Банките и штедилниците членки на Фондот се должни да му доставуваат на Фондот извештај за тримесечна состојба на вкупниот број на штедачи со депозити во висина до 10.000 ЕВРА, меѓу 10.000 - 20.000 ЕВРА и над 20.000 ЕВРА. Извештајот се доставува најдоцна до 15-от ден во месецот за претходното тримесечје.

Податоците во извештаите од ставовите 1, 3, 4, 5 и 6 на овој член што ги добива Фондот од Народната банка на Република Македонија, од повереникот или привремениот управник и од банките и штедилниците претставуваат службена тајна.

## 8-а ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 17-а

1) За прекршоците утврдени со овој закон, овластените лице на Фондот за осигурување на депозити, во рамките на своите овластувања, на сторителот на прекршокот му нудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

2) Постапката за посредување се покренува со доставување на понуда од страна на овластено лице на Фондот за осигурување на депозити до сторителот на прекршокот во рок од осум дена од денот кога е констатирано сторувањето на прекршокот.

3) Сторителот на прекршокот е должен во рок од три дена од денот на приемот на понудата од ставот 2 на овој член да даде писмена согласност за покренување на постапка на посредување.

4) Овластените лица на Фондот за осигурување на депозити за случаите од ставот 3 на овој член составуваат записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

5) Директорот на Фондот за осигурување на депозити со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работното искуство на членовите на Комисијата за посредување.

6) Комисијата за посредување работи на седници на кои задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот.

7) За склучената согласност по посредувањето се составува спогодба во која се

констатира согласноста на двете страни.
8) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:
1. висината и начинот на плаќање на глобата;
2. висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
3. мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.
9) Спогодбата од ставот 7 на овој член има сила на извршна исправа.
10) Директорот на Фондот за осигурување на депозити донесува деловник и трошковник за работата на Комисијата за посредување. Висината и видот на трошоците утврдени со трошковникот се определуваат врз основа на реалните трошоци што ги има Фондот за осигурување на депозити заради обезбедување на работа на Комисијата за посредување.
11) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки на посредување и за нивниот исход.

**Член 17-б**

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на Народната банка на Република Македонија ако не ги достави или ненавремено ги достави до Фондот извештаите од членот 17 ставови 1, 3 и 4 на овој закон.

**Член 17-в**

Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на банка или штедилница членка на Фондот која нема:
- навремено да го достави до Фондот извештајот од членот 17 став 6 на овој закон;
- во определениот рок да ја плати дополнителната премија од членот 8 став 1 точка 1 и став 2 на овој закон.

**Член 17-г**

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на лицата со посебни права и одговорности во банката, кои нема:
- навремено да го достават до Фондот извештајот од членот 17 став 6 на овој закон;
- во одреден рок да ја платат дополнителната премија од членот 8 став 1 точка 1 и став 2 на овој закон.

**Член 17-д**

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на повереникот или привремениот управник на банката или штедилницата поради недоставување или ненавремено доставување на извештајот од членот 17 став 5 на овој закон.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Фондот ќе отпочне со работа во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во рокот од ставот 1 на овој член Република Македонија ќе ги откупи акциите и на банките и штедилниците основачи на Фондот за осигурување на штедните влогови ќе им ги исплати акциите во Фондот за осигурување на штедни влогови по нивната номинална вредност.

Средствата за откуп на акциите од ставот 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

### Член 19

Со денот на отпочнување со работа на Фондот престануваат да важат дел III-а Фонд за осигурување на штедни влогови и одредбите на членовите од 93-а до 93-л од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на Република Македонија" број 31/93; 78/93; 17/96; 37/98 и 25/2000), а Фондот за осигурување на штедни влогови се брише од трговскиот регистар.

### Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".